# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ОРГАНИЗИРА:

www.planinarenje.org
design @velichkovski.com

# ГОЛЕМА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА

## 15-ти Мај - 2013 година

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**Почитувани граѓани !**

На ден 15 - ти мај 2013 година, Локалната самоуправа на Крива Паланка, на иницијатива на Градоначалникот, организира Голема еколошка акција под наслов *„Да ја исчистиме Крива Паланка од отпадоци“.*

Основна цел на акцијата е да се исчисти и разубави животната околина со масовно вклучување на граѓани, правните лица, училиштата, организациите и институциите од општина Крива Паланка.

Локалната самоуправа преку овој вид на акции исполнува една од своите задачи - грижата за животната средина.

Помошта од Вас граѓаните е повеќе од корисна и добредојдена. На овој начин Вие граѓаните имате можност директно да се вклучите во активности од локално значење кои се битни за самите Вас.

Да излеземе сите!

Да покажеме самите дека можеме да ја разубавиме и одржуваме еколошки чиста нашата животна средина.

Сите ние, зависиме од природата. Затоа да излеземе што помасовно на акцијата, да ги исчистиме отпадоците и да придонесеме за подобрување на нејзиниот изглед.

Вашиот придонес кон акцијата може да биде преку: чистење на дворот, чистење на тротоарот и улицата, чистење на долот, чистење на речното корито пред вашата куќа, чистење на дивите депонии, шутот, чистење на зелените површини околу колективните станбени згради итн.

Општинската администација заедно со мене како градоначалник активно ќе се вклучи во чистењето и уредувањето на околината .

Со секое лично или организирано ангажирање во реализацијата на ова голема еколошка акција ја потврдуваме нашата заедничка одговорност во створување на заложбата за почиста животна средина, поубава и посреќна иднина .

Да ја исчистиме Крива Паланка од отпадоци!

Од нас зависи во каква околина ќе живееме!

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Арсенчо Алексовски